**Прашања и одговори по Тендерска документација бр. 0201-1103/18 (01/08/2025)**

Во точка 8.1 од тендерската документација како еден од доказите кои треба да се доставaт е наведено цитирам "доказ за овластуванье за одговорното лице на понудувачот за поднесување на понудата и придружната документација, издаден од надлежен орган на понудувачот во оригинал, кој се доставува како Прилог 8;„

Во таа смисла прашањата се доколку одговорното лице кое ќе ја поднесе понудата е управител на друштвото (во форма на ДООЕЛ) кој што е запишан во Централен Регистер на РСМ со неограничени овластувања, и каде единствен основач на друштвото е странско правно лице:

а) дали на управителот му е потребно овластување, кога истиот има неограничени овластувања да го застапува друштвото понудувач?

**АЕК:** Во точка 8.1 од Тендерската документација е наведено: Доказ за овластување за одговорното лице на понудувачот за поднесување на понудата и придружната документација, издаден од надлежен орган на понудувачот во оригинал, кој се доставува како Прилог 8. Да, потребно е соодветно овластување.

б) доколку му е потребно овластувања, дали овластувањето треба да биде издадено од друштвото понудувач, или од основачот на друштвото понудувач?,

**АЕК:** Доколку станува збор за понудувач ДООЕЛ се мисли на основачот како надлежен орган.

в) дали Овластувањето треба да биде заверено на нотар (во тендерската документација се бара само да биде во оригинал, а не да има и нотарска заверка)?

**АЕК:** Во Тендерската документација не е наведено дека е потребна заверка на нотар.

г) доколку е потребно овластување од друштвото основач на понудувачот и доколку е потребно да биде заверено на нотар, дали Овластувањето може да биде заверено на нотар во странство со апостил, при што ќе се достави превод на македонски јазик од овластен преведувач?

**АЕК:** Во Тендерската документација не е наведено дека е потребна заверка на нотар.

д) дали е потребна тековна состојба од друштвото основач од странскиот регистар, со превод на македонски јазик од овластен преведувач,

**АЕК:** Во Тендерската документација не е наведено дека е потребна тековна состојба од друштвото основач од странскиот регистар, но пожелно е да се достави како доказ за тоа кој е управител на странската фирма основач која би го издала овластувањето.

Скопје, 01/08/2025 Агенција за електронски комуникации